Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

УП1 бр. 14-1160
10.09.2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Безбедност при работа на Факултетот за безбедносно инженерство при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Безбедност при работа на Факултетот за безбедносно инженерство при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Меѓународниот Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола, се обрати со барање бр. 03-208/1 од 21.05.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1160 од 28.05.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Безбедност при работа на Факултетот за безбедносно инженерство при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-76/5 од 15.04.2019 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП 1 бр. 14-1160 од 03.07.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 25.07.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1160 од 31.07.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Безбедност при работа на Факултетот за безбедносно инженерство при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
3
Скопје - Shkup

Доставено и до
- Архива
Подготвил: Биљана Зафировска
Контролирал:Снежана Лукровска
Согласен:Борчо Алексов
Одобрил:Dr. Agim Rushiti